# ПРЕОДЕН ИЗВЕШТАЈ
**20 март – 4 април 2024 година**

**9 април 2024 година**

## I. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

- Претседателските избори ќе се одржат на 24 април 2024 година. Доколку ниту еден кандидат не обезбеди поддршка од повеќе од половина од сите регистрирани гласачи, вториот круг меѓу двајцата водечки кандидати ќе се одржи на 8 мај, така совпаѓајќи се со денот на парламентарните избори. Актуелниот парламент е првиот што од 2006 година успеа да го заврши својот мандат. Додека предизборниот период беше стабилен, изборниот процес се одвива во контекст обележан со поларизација по политички и етнички линии.

- Изборниот законик претрпе најнова измена на 7 март 2024 година, по распишувањето на изборите. Амандманите, иако поддржани од владејачките партии и опозицијата, беа усвоени во скратена постапка во која немаше соодветна јавна дебата. Овој процес резултираше со неколку претходни препораки на ОДИХР кои останаа неисполнети, како и оние дадени од меѓуагенциската работна група која беше одговорна за подготовка на сеопфатен преглед на законодавството кое се однесува на изборите. Неодамнешните измени, меѓу другото, им овозможуваат на граѓаните со истечени лични документи да ја задржат својата регистрација како гласачи, појаснуваат одредени регулативи за финансирање на кампањата, ја зајакнуваат заштитата на податоците во врска со регистрацијата на гласачите и ги специфицираат роковите за решавање на изборните спорови.

- Досега, изборната администрација ги изврши техничките подготовки во законски пропишаните рокови. Додека Државната изборна комисија (ДИК) го постигна својот целосен состав откако седмиот член беше назначен во февруари 2024 година по едногодишно одложување, некои соговорници на мисијата за набљудување на изборите на ОДИХР ја повторија загриженоста дека човечките и финансиските ресурси на изборната администрација се сè уште ограничени, што потенцијално ќе влијае на навременоста на изборни подготовки и комуникацијата со пониските изборни органи и со јавноста. Обуката за комисиите од пониско ниво е во тек. Сепак, кампањата за едукација на гласачите на ДИК допрва треба да започне поради административните предизвици во процесот на набавки.

- Законските измени од март 2024 година го елиминираат условот граѓаните да поседуваат важечки документ за лична идентификација за да го задржат своето место во избирачкиот список, во согласност со претходната препорака на ОДИХР. За да се ублажат големите доцнења во замената на документите кои станаа неважечки по промената на името на земјата во 2019 година, на граѓаните чии лични документи истекле до девет месеци пред изборните денови, ќе им биде дозволено да ги користат овие застарени документи за своја идентификација. Во конечниот избирачки список има 1.814.317 гласачи за претседателските избори и 1.815.350 за парламентарните избори.

- ДИК пријави 7 претседателски кандидати и објави прелиминарни кандидатски листи со вкупно 1.770 кандидати за пратеници. Законот наложува минимум 40 отсто застапеност на секој род на секоја кандидатска листа. Околу 42 отсто од кандидатите за пратеници на овие прелиминарни листи и две кандидатки во претседателската трка, се жени.

- Законот забранува одредени форми на рано водење кампања, вклучително и користење средства за кампања и објавување политички реклами од медиумите пред почетокот на периодот на кампањата. Сепак, законските измени од март 2024 година им дозволуваат на учесниците да одржат еден настан од кампањата помеѓу регистрацијата и официјалниот почеток на периодот на кампања. Пред периодот на кампањата, мисијата за набљудување на изборите на ОДИХР набљудуваше неколку настани кои промовираа политички пораки, вклучително и кампањи од врата до врата, средби со гласачи, инаугурации на партиски канцеларии, вечери по повод Ифтар и онлајн активности. Многу соговорници на мисијата за набљудување на изборите на ОДИХР изразија загриженост за потенцијалот за негативна кампања, како и за навредливиот јазик веќе присутен на социјалните мрежи, што се користи против политичките партии и кандидати, вклучувајќи и жени. Беше изразена и загриженост за потенцијалот за дезинформации и употреба на манипулативна содржина во кампањата.

- Измените на Изборниот законик од март 2024 година го намалија опсегот на преодното известување за финансирање на кампањата од страна на учесниците, го скратија рокот за поднесување на финалниот финансиски извештај и дефинираа одредени ограничувања за донации. Сепак, измените не ги опфатија долгогодишните системски прашања на регулаторната рамка што ги регулира политичкото и кампањското финансирањето, како што претходно препорачаа ОДИХР, како и Државниот завод за ревизија (ДЗР) и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК). Многу соговорници на мисијата за набљудување на изборите на ОДИХР изразија недостиг на доверба во способностите на надзорните тела ефективно да ја следат и санкционираат злоупотребата на административни ресурси во кампањата, поради нивните ограничени ресурси, како и системски недостатоци во правната рамка.

- Повеќето соговорници на мисијата за набљудување на изборите на ОДИХР потврдуваат дека опкружувањето е генерално погодно за слобода на медиумите, но забележаа дека истата е обележана со политичка и етничка поларизација, интензивна конкуренција меѓу бројните медиумски компании во ограничен пазар за рекламирање и неповолни услови за работа за новинарите. Во март 2024 година, Законот за медиуми и Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги беа изменети за да се воведат јавни субвенции за печатените медиуми за објавување содржина од јавен интерес, и да се укине забраната за јавно финансирани реклами во приватните медиуми.

- Учесниците во изборите имаат широка правна моќ за поднесување претставки, додека гласачите се ограничени на случаи кога нивните индивидуални права се повредени или административните ресурси се злоупотребени. Повеќето претставки, вклучително и оние кои се однесуваат на регистрација на гласачите и кандидатите, прекршување на правилата на кампањата, нерегуларностите на денот на изборите и изборните резултати, се решаваат од страна на ДИК, со можност на нивно обжалување до Управниот суд. Неколку соговорници на мисијата за набљудување на изборите на ОДИХР, вклучувајќи и од судството, забележаа дека некои рокови за решавање на претставките се претерано кратки, што може да го загрози квалитетот на одлуките.

- Изборниот законик дозволува граѓани и меѓународни организации да го набљудуваат целиот изборен процес. Неколку граѓански групи најавија планови за набљудување на изборите, при што некои организации дополнително се фокусираа на следењето на медиумите и социјалните мрежи, потенцијалните кампањи за дезинформации и односите меѓу заедниците.

## II. ВОВЕД

По покана од властите на Северна Македонија за набљудување на претседателските и парламентарните избори, а согласно својот мандат, Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) на 20 март распореди мисија за набљудување на изборите (МНИ) [1]. МНИ, предводена од амбасадорката Џилијан Стирк, се состои од 12-член главен тим со седиште во Скопје и 20 долгорочни набљудувачи распоредени низ целата земја од 27 март. Членовите на мисијата се од 25-те земји-членки на ОБСЕ, а 40 отсто од членовите на мисијата се жени. ОДИХР побара од земјите-членки да пратат 300 краткорочни набљудувачи да ги набљудуваат постапките на секој изборен ден.

## III. ИСТОРИЈАТ И ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

На 14 февруари 2024 година, претседателот на парламентот распиша претседателски и парламентарни избори. Претседателските избори се закажани за 24 април, а потенцијалниот втор круг ќе се одржи на 8 мај, истовремено со парламентарните избори.[2]

Последните претседателски избори се одржаа во 2019 година на кои победи Стево Пендаровски, кој беше поддржан од владејачкиот Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ). Во 2020 година, последните парламентарни избори доведоа до формирање на коалициска влада составена од СДСМ и движењето Беса, кои заеднички обезбедија 46 пратенички места, Демократската унија за интеграција (БДИ/ДУИ) со 15 места и коалицијата меѓу Алијансата за Албанците и Алтернатива со 12 пратенички места.[3] Во јануари 2024 година, во согласност со законот и коалицискиот договор меѓу СДСМ и БДИ/ДУИ, беше формирана преодна влада предводена од Талат Џафери, првиот етнички албански премиер во земјата, за да ги организира изборите. [4] Ова е прв пат од 2006 година еден парламент да го заврши својот мандат.

Додека предизборното политичко опкружување беше стабилно, изборите се одвиваат во контекст обележан со значителна поларизација по политички и етнички линии. Ова го попречи спроведувањето на законодавните реформи, вклучително и долго планираните реформи на Изборниот законик и сродното законодавство, како и оние што ги бара Европската унија (ЕУ) за пристапување. Многу соговорници на МНИ на ОДИХР се осврнаа на севкупната атмосфера на незадоволство од политичкиот естаблишмент, наведувајќи, меѓу другото, неефикасност во јавната администрација и недоволните напори за борба против корупцијата.[5]

Уставот предвидува еднаквост на мажите и жените. Законот за еднакви можности на жените од 2006 година промовира еднаква родова застапеност на сите нивоа на јавната

---

1 Види претходни извештаи за набљудување на изборите за Северна Македонија на ОДИХР.

2 Според Уставот, претседателските избори мора да се спроведат во последните 60 дена од мандатот на актуелниот претседател, додека парламентарните избори мора да се спроведат во последните 90 дена од мандатот на парламентот.

3 Најголемата опозициска партија, Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) освои 44 пратенички места, Левицата (Левица) 2, а Демократската партија на Албанците (ДПА/ПДШ) 1 пратеник.

4 Законот за влада бара преодна влада составена од министри од владејачкото мнозинство и најголемата опозициска партија да стапи на функција 100 дена пред одржувањето на парламентарните избори

5 Видете дел 2.1.2 од Извештајот за Северна Македонија за 2023 година од страна на Европската комисија, кој наведува дека, и покрај тековните напори, не е усвоено законодавството за справување со „непотизмот, кронизмот и политичкото влијание при вработување на лица во јавниот сектор и при назначувањето членови на надзорните и управните одбори“. Во делот 2.2.1 понатаму се вели дека „Корупцијата останува распространета во многу области и претставува проблем. Зголемен е бројот на случаи на одложено судење или преиначена одлука за предмети на корупција на високо ниво […] Максималните законски казни за конкретни кривични дела поврзани со корупцијата беа намалени, […] со што сопреа или дури се прекинаа голем број предмети на корупција на високо ниво”.

администрација и јавниот живот.[6] И покрај напорите на властите да го промовираат учеството на жените, жените и понатаму се недоволно застапени на некои избрани и именувани функции. Парламентот во заминување вклучуваше 51 жена (42,5 отсто); жени се на 4 од 20 министерски позиции (20 проценти), а само 2 од 80 општински градоначалници се жени.

## IV. ПРАВНА РАМКА И ИЗБОРЕН СИСТЕМ

Претседателските и парламентарните избори се регулирани со Уставот од 1991 година, Изборниот законик од 2006 година, Законот за финансирање на политичките партии од 2004 година, Законот за спречување на корупција и судир на интереси од 2019 година, Кривичниот законик и подзаконските акти на ДИК.[7]

Изборниот законик последен пат беше изменет на 7 март и 1 април 2024 година, по распишувањето на изборите. Законските измени беа поддржани од владејачките партии и опозицијата и во нив беа вградени некои технички препораки од ДИК.[8] Сепак, тие беа усвоени во скратена постапка која не овозможи доволно јавна дебата, во голема мера непочитувајќи ги препораките кои беа предложени во ноември 2023 година од меѓуагенциската работна група, која работеше на реформите од мај истата година.[9]

Измените од март, меѓу другото, го елиминираат условот граѓаните да поседуваат важечки документ за лична идентификација за да го задржат своето место во избирачкиот список, ја менуваат формулата за утврдување на бројот на потписи за поддршка потребни за да се пријават кандидатите за парламентарните и локалните избори, разјаснуваат одредени регулативи кои се однесуваат на финансирање на кампањите, ја зајакнуваат заштитата на податоците во врска со регистрацијата на гласачите и наведуваат рокови за решавање на изборните спорови. Дополнително, конкретно за овие избори, измените дозволуваат користење на одредени лични документи со истечен рок за проверка на гласачите на гласачките места на денот на изборите (*видете Избирачки права и регистрација*). Со априлските измени се прецизира редоследот на кандидатите на парламентарното гласачко ливче.

И покрај измените, голем број претходни препораки на ОДИХР остануваат неприменети, вклучително и системската ревизија на Изборниот законик за отстранување на пропустите и недоследностите, со што би се обезбедил еднаков пристап до медиумите во изборните кампањи, би се зголемила отчетноста и интегритетот на финансирањето на кампањите и би се подобрила регулативата за злоупотреба на административните ресурси. Дополнително, многу соговорници на МНИ на ОДИХР забележаа дека измените беа усвоени премногу блиску до денот на изборите за сите одредби да бидат ефективно имплементирани. Покрај тоа, тие

---

6 Националната стратегија за родова еднаквост беше усвоена во 2022 година, заедно со акцискиот план за 2022-2024 година, кој има за цел да го зголеми учеството на жените во јавниот живот.

7 Регулаторната рамка дополнително ги вклучува Законот за политички партии од 2004 година, Законот за медиуми од 2013 година и Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги од 2013 година. Северна Македонија ги ратификуваше клучните меѓународни и регионални инструменти за човекови права поврзани со одржувањето на демократски избори.

8 Предлог-законот беше поднесен од тројца пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и БДИ/ДУИ, а од 86 присутни пратеници, беше поддржан од 84 пратеници додека 2 пратеника беа воздржани.

9 Во мај 2023 година, Министерството за правда иницираше работна група составена од државни институции, политички партии и граѓански организации (ГО) за измена на Изборниот законик, а нејзината работа заврши во ноември 2023 година. Многу соговорници на МНИ на ОДИХР забележаа дека оваа временска рамка не овозможи значителни реформи пред изборите. Некои партии, меѓу кои и опозициската ВМРО-ДПМНЕ, избраа да не учествуваат во работната група. Големите партии водеа паралелни преговори за потенцијални измени.

посочија дека повторената практика на доцни измени на законската рамка поврзана со изборите може да го дестабилизира изборниот процес и да ја поткопа правната сигурност.[10]

Претседателот се избира директно за петгодишен мандат од една изборна единица низ целата земја. Доколку ниту еден кандидат не добие гласови, повеќе од половина од сите регистрирани гласачи, две недели подоцна се одржува втор круг помеѓу двајцата најдобри кандидати.[11] Еднодомниот парламент, кој се состои од 120 до 123 пратеници, се избира директно за четиригодишен мандат. Од нив, 120 пратеници кои претставуваат 6 региони/ изборни единици во земјата се избираат според пропорционален систем на застапеност од затворени листи. Бројот на пратеници избрани од гласачите во странство е условен со праг поврзан со претходните изборни резултати.[12]

Законот наложува изборните единици во земјата да претставуваат приближно еднаков број регистрирани гласачи, дозволувајќи отстапувања до пет отсто од просечниот број на регистрирани гласачи по избирачка единица. Границите на изборните единици може да се менуваат само со измена на Изборниот законик. Пред овие избори не беше спроведена проценка поврзана со еднаквоста на гласовите меѓу изборните единици.

## V. ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Изборната администрација е составена од Државната изборна комисија (ДИК), 80 општински изборни комисии (ОИК) и 3.360 избирачки одбори (ИО). Дополнително, ќе бидат поставени 31 ИО во дипломатските претставништва во странство за спроведување на гласање надвор од земјата. Од секое изборно тело се бара да ги исполни законските критериуми за родова и етничка застапеност.[13]Двајца од седумте актуелни членови на ДИК се жени. Жените претставуваат 49 отсто од членовите на ОИК.

ДИК се состои од седум члена назначени од парламентот со мандат од пет години. Сегашниот мандат на ДИК започна во јануари 2021 година, а по доцнење од повеќе од една година, седмиот член беше назначен во февруари 2024 година.[14] ДИК има широки регулаторни, мониторинг и надзорни овластувања. Местото генерален секретар на ДИК е празно од 2021 година. Додека ДИК генерално ужива доверба во нејзиниот организациски капацитет од повеќето засегнати страни. Некои соговорници на МНИ на ОДИХР изразија загриженост поради ограничените човечки и финансиски ресурси на ДИК, вклучително и континуираното непополнето место на генерален секретар, што може да влијае на навременоста на изборните подготовки и комуникацијата со пониските изборни тела и јавноста.

---

10 Поради нивното задоцнето усвојување, за овие избори не беа спроведени одредени нови одредби, како што е изменетиот број потписи потребни за номинирање кандидати за пратеници. Во неколку претходни прилики, правната рамка поврзана со изборите беше изменета само неколку недели пред закажаните избори: вклучително на 16 февруари 2020 година и двапати во 2021 година, на 2 април и 16 септември.

11 Во вториот круг од претседателските избори се избира кандидатот со најголем број гласови, освен ако излезноста не падне под 40 проценти, во кој случај целиот изборен процес се повторува без законски утврден рок.

12 Прагот за избор на пратеник од единицата надвор од земјата никогаш не бил исполнет на ниту едни претходни парламентарни избори. За овие избори, гласачите од странство ќе можат да гласаат само на претседателските избори *(Видете Избирачки права и регистрација).*

13 Според законот, секој род мора да биде претставен со најмалку 30 проценти од членовите на секое изборно тело. Во општините каде што најмалку 20 проценти од граѓаните припаѓаат на етничките малцинства, овие заедници мора да бидат правично застапени. ДИК е должна да објавува изборен материјал, вклучително и кандидатски листи, информации за гласачите и гласачки ливчиња на кој било службен јазик и писмо што го користат најмалку 20 отсто од граѓаните во одредена општина.

14 ДИК функционираше со само шест члена од февруари 2023 година до крајот на февруари 2024 година поради несогласувањата која од албанските парламентарни партии има законско право да го назначи новиот член. Назначувањето се случи по повлекувањето на една од номинациите, што се случи по истекот на рокот за номинација.

Досега ДИК ги има извршено сите технички подготовки во законските рокови. Усвои или стави во сила неколку упатства и насоки за регистрација и идентификација на гласачите, регистрација на кандидати, важност на гласачките ливчиња, гласање на лица со попреченост и полициско однесување за време на изборниот процес.[15] ДИК одржа редовни седници кои беа отворени за медиумите, набљудувачите и овластените претставници на кандидатите, кои беа пренесувани и на интернет. Сепак, седниците честопати се свикуваа со кратка најава и без законски предвидениот јавен оглас. Исто така, спротивно на законските барања, не сите записници и одлуки од седниците беа навремено објавувани на интернет.

До крајот на март, ДИК ги заврши обуките за ОИК, политичките партии, медиумите и претставниците на ГО. Курсевите за обука за ИО започнаа на 1 април. Иако ДИК има развиено наставна програма за едукација на гласачите, таа ја информираше МНИ на ОДИХР дека, поради административни предизвици во процесот на набавки, започнувањето на оваа кампања се одложи и допрва треба да се случи.

ОИК се состојат од пет члена, именувани од вработени во државната и општинската администрација со мандат од пет години, и имаат задача да ги надгледуваат изборите во нивните општини. Избирачките одбори спроведуваат процедури на денот на изборите на избирачките места, со тројца постојани членови, именувани на четири години од државни и општински службеници и двајца привремени членови, номинирани од политичките партии. Сите членови на ОИК и ИО имаат заменици. Од распишувањето на изборите има значителен број оставки меѓу членовите на ОИК, вклучително и по завршувањето на обуките главно поради лични причини, како пензионирање, промена на живеалиште или здравствени проблеми. Некои соговорници на МНИ на ОДИХР забележаа дека, бидејќи не постојат тековни планови за обука на новоименуваните членови, промената на членовите може да влијае на разбирањето на изборните процедури од страна на ОИК.

И покрај тоа што ДИК ги призна тековните предизвици во обезбедувањето физичка пристапност до изборните простории, таа ја информираше МНИ на ОДИХР за нејзините напори да ја подобри пристапноста до различните аспекти на изборниот процес, вклучително и преку обезбедување информативни материјали во достапни формати, објавување податоци за пристапноста на избирачките места на интернет, воспоставување посебна телефонска линија за помош на гласачите со оштетен слух и обезбедување дополнителни мерки за законски пропишаното помогнато гласање на денот на изборите, како што се водичи за гласање со Брајово писмо.

## VI. ГЛАСАЧКИ ПРАВА И РЕГИСТРАЦИЈА

Право на глас имаат сите граѓани на возраст над 18 години, освен оние што се забранети со правосилна судска одлука поради законска неспособност.

ДИК, во соработка со Државниот завод за статистика, води и ажурира постојан избирачки список, врз основа на податоците од матичните книги и регистрите на население. Гласачите кои живеат во земјата автоматски се вклучуваат во избирачките списоци во земјата. Граѓаните кои привремено престојуваат во странство можат активно да се регистрираат за гласање во дипломатските претставништва или да гласаат во земјата според нивното последно место на живеење. До крајниот рок до 19 март, до ДИК пристигнале 2.904 пријави од гласачи во

---

[15] ДИК ја информираше НМИ на ОДИХР за своите планови да усвои дополнителни прописи пред денот на изборите, вклучително и за спроведување мерки за електронско пренесување на неофицијални прелиминарни резултати од избирачките места.

странство, од кои 2.641 ги исполниле законските критериуми, што е под прагот на регистрирани гласачи за избор на пратеник од единицата за гласање надвор од државата.[16]

Законските измени од март 2024 година го елиминираа условот гласачите да поседуваат валиден документ за идентификација за да се вклучат во избирачкиот список, во согласност со претходна препорака на ОДИХР. За овие избори ќе можат да гласаат и граѓани на кои им истекол рокот на личните документи до девет месеци пред денот на изборите. Оваа привремена мерка беше неопходна поради големите одложувања во процесот на замена на документите кои станаа неважечки поради промената на името на земјата. Министерството за внатрешни работи ја информираше МНИ на ОДИХР дека оваа одредба им овозможува на 87.378 граѓани чии документи истекоа во овој рок, да можат да гласаат во претседателската трка, како и на 86.863 граѓани чии документи истекоа во овој рок да гласаат во пратеничката трка.[17]

Граѓаните можат да ја потврдат точноста на податоците за регистрација на гласачите и да побараат корекции преку Интернет или лично во подрачните канцеларии на ДИК. Од 28 февруари до 18 март, податоците за регистрација на гласачите беа достапни за јавен увид во подрачните канцеларии на ДИК. Според законот, политичките партии може да побараат електронска копија од списокот до 21 март и можат да поднесат барања за корекции врз основа на нивниот увид. Согласно законските измени од март 2024 година, со цел да се зајакне заштитата на личните податоци, ДИК го ограничи опсегот информации кои се споделуваат со политичките партии и вклучува само податоци неопходни за проверка, како што се имиња на гласачите, датуми на раѓање и адреси.

Конечниот избирачки список, затворен на 2 април, вклучува 1.814.317 гласачи за претседателските и 1.815.350 за парламентарните избори. Бидејќи Изборниот законик не предвидува ажурирање на избирачкиот список пред вториот круг од претседателските избори за да ги опфати промените во податоците за матичната евиденција, оние 1.148 граѓани кои ќе наполнат 18 години меѓу двата круга од претседателските избори ќе можат да гласаат само на парламентарните избори.

Повеќето соговорници на МНИ на ОДИХР не изразија загриженост за инклузивноста на избирачкиот список. Сепак, некои укажаа на значителниот број граѓани кои живеат во странство кои остануваат во списокот бидејќи имаат службено живеалиште во земјата, како и недостатоци во системот за адреси на живеење и граѓанска регистрација, што потенцијално може да влијае на точноста на податоците. Дополнително, некои изразија загриженост за квалитетот на биометриските податоци на граѓаните собрани преку скратените постапки за издавање нови документи за идентификација, што може да доведе до случаи на неисправни податоци кои го забавуваат процесот на пријавување на гласачите на денот на изборите.

## VII. ПРАВА И РЕГИСТРАЦИЈА НА КАНДИДАТИТЕ

За претседател може да се кандидираат граѓани кои се регистрирани гласачи на возраст над 40 години до денот на изборите, со најмалку 10 години престој во земјата во последните 15

---

[16] Гласачите имаа можност да се пријават на еден или на двата избори. Одржувањето на парламентарните избори во странство зависи од регистрирањето доволен број избирачи за да се избере најмалку еден пратеник во изборната единица надвор од државата (5.353 гласа за овие избори). Бидејќи овој практичен праг не беше исполнет, ДИК одлучи дијаспората да не учествува на парламентарните избори во 2024 година. Понатаму, во 20 дипломатски претставништва не беше исполнет потребниот минимум од 10 регистрирани гласачи и затоа овие избирачки места нема да бидат отворени за гласање. Вкупно, на претседателските избори ќе можат да гласаат 2.569 гласачи во странство.

[17] За претседателските избори ќе се прифаќаат документите што се истечени од 24 јули 2023 година, а за парламентарните избори ќе се прифатат оние со истечен рок од 8 август 2023 година.

години. Пратеничките кандидати мора да имаат право на глас на возраст од најмалку навршени 18 години на денот на изборите. Законот им забранува на оние кои отслужуваат или чекаат да отслужат затворска казна подолга од шест месеци да учествуваат во кандидатурата за парламентарни избори.

Претседателските кандидати можат да бидат предложени од најмалку 10.000 регистрирани избирачи или 30 пратеници. Пратеничките кандидати можат да бидат номинирани од регистрирани политички партии или предизборни коалиции или да се кандидираат самостојно. Независните кандидати може да се кандидираат на листа поддржана од најмалку 1.000 гласачи. Кандидатите можат да бидат вклучени само во една листа.[18] Законот наложува минимум 40 отсто застапеност на секој род на секоја кандидатска листа, пропишувајќи дека еден кандидат од помалку застапениот род мора да се вклучи на секои три последователни кандидати, со најмалку еден дополнителен кандидат од овој род на секои десет кандидати.

Според законот, гласачите може да се потпишат за поддршка на повеќе од еден кандидат во иста изборна трка. Периодот за собирање потписи за двата избори траеше од 28 февруари до 8 март, со собрани потписи во просториите на подрачните канцеларии на ДИК и назначени нотари. Некои кандидати пријавија предизвици за гласачите кои живеат во руралните области при пристапот до ограничениот број регионални канцеларии на ДИК.[19] Петнаесет потенцијални претседателски кандидати ја известија ДИК за нивната намера да собираат потписи за поддршка од гласачите, од кои седум го добија потребниот број потписи. За парламентарните избори, само една група избирачи се обиде да добие поддршка од гласачите за својата кандидатска листа, но во предвидениот рок не го достави потребниот број потписи.

Номинацијата на кандидатите заврши на 19 март за претседателските и на 2 април за парламентарните избори. Барањата за пријавување претседателски кандидати и листи за пратенички кандидати требаше да се достават до ДИК, која ги потврди документите за регистрација според законските критериуми. Според законот, потенцијалните кандидати имаа 48 часа да ги отстранат пропустите и проблемите идентификувани во документите за регистрација. Двајца подносители на претседателски кандидатури требаше да ја пополнат својата документација со податоци за даночен број и жиро сметка за потребите на кампањата; и двата го испочитуваа во предвидениот рок. Измените на Изборниот законик усвоени на 1 април, еден ден пред поднесувањето на листите за пратенички кандидати, им овозможија на пратеничките кандидати да го користат редниот број на претседателски кандидати, утврден со ждрепка, при пополнување на парламентарното изборно ливче.

ДИК на крајот регистрираше седум претседателски кандидати, меѓу кои и две жени.[20] На 3 април ДИК ги објави листите на кандидати кои поднесоа пратенички кандидатски листи за регистрација. Тука спаѓаат 1.770 кандидати предложени од 10 политички партии и 6 коалиции, како и една група избирачи. Околу 42 отсто од кандидатите за пратеници на овие прелиминарни листи се жени.

---

18 Бројот на кандидати на листата мора да биде еднаков на бројот на места во изборната единица (20), вклучително и за независните кандидати.

19 Додека канцелариите на ДИК ги потврдуваат потписите бесплатно, нотарите може да им наплатат надомест за своите услуги на подносителите. Само шест кандидати во претседателската трка се одлучија да ја користат нотарската услуга при собирањето потписи.

20 Регистрирани претседателски кандидати се Максим Димитриевски (поддржан од ЗНАМ – Движење за наша Македонија /ЗНАМ/), Стевчо Јакимовски (поддржан од Партијата за правда, граѓанска опција за Македонија /ГРОМ/), Бујар Османи (поддржан од коалицијата предводена од БДИ/ДУИ), Стево Пендаровски (поддржан од СДСМ), Гордана Силјановска-Давкова (поддржана од ВМРО-ДПМНЕ), Арбен Таравари (поддржан од албанскиот опозициски блок /ВЛЕН/ВРЕДИ/) и Билјана Ванковска-Цветковска (поддржан од Левица).

## VIII. ИЗБОРНА КАМПАЊА

Официјалниот период на претседателската кампања започна на 4 април и ќе заврши на 22 април (и на 6 мај во случај на втор круг). Периодот на кампањата за парламентарните избори започнува на 18 април, а завршува на 6 мај. Кампањата, вклучувајќи и во онлајн медиумите, е забранета на деновите на изборите и претходниот ден. Изборниот законик не ја специфицира примената на прописите за кампањата, како што е распределба на време за емитување меѓу учесниците, простори за кампања и простор за објавување материјали за кампања, во случај претседателските и парламентарните избори да се случат истовремено. На 20 март, Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги (ААВМУ) донесе регулатива за распределба на времето за емитување на изборните кандидати и регулатива за молк на кампањата во медиумите.[21]

Законот забранува одредени форми на предвремена кампања, вклучително и користење на средства за кампања и објавување реклами од политичките партии во медиумите пред да започне периодот на кампањата. Сепак, законот им дозволува на учесниците да објавуваат повици за собирање потписи и, во согласност со законските измени од март 2024 година, да одржат еден настан од кампањата помеѓу нивното регистрирање и почетокот на периодот на кампањата. Многу соговорници на МНИ на ОДИХР забележаа дека форматот и природата на овие настани не се регулирани со закон, што би можело да ги направи двосмислени регулативите за кампањата и нивниот надзор.

Пред официјалниот почеток на кампањата, МНИ на ОДИХР набљудуваше неколку настани, вклучително и кампања од врата до врата, состаноци од мал обем, инаугурации на партиски канцеларии, Рамазански пости и Ифтар вечери, како и онлајн активности кои промовираат политички пораки.[22] Повеќето набљудувани настани се карактеризираа со неутрален тон со повремена негативна реторика насочена кон противниците, со пораки фокусирани на статусот на економијата, борбата против корупцијата и прашањата околу процесот на пристапување на земјата во ЕУ, како и повремена негативна реторика насочена кон противниците..

Законот го регулира пристапот на изборните учесници до сите форми на политичко рекламирање и кампањски активности за време на периодот на кампањата.[23] Повеќето учесници ги посочија своите намери да одржуваат митинзи, да се вклучат во интеракција од врата до врата со гласачите, да дистрибуираат материјали за кампањата и да користат стратегии за онлајн информирање. Многу соговорници на МНИ на ОДИХР изразија

---

21 Според упатствата, на 23 и 24 април, молкот на кампањата се применува за медиумско претставување на учесниците во информативните програми..

22 На пример, на 22 март, претседателскиот кандидат на БДИ/ДУИ се обрати пред младинската публика за време на Ифтар вечерата во Гостивар; на 24 март, претседателскиот кандидат поддржан од ВЛЕН/ВРЕДИ правеше кампања врата- до- врата во комерцијален простор во Скопје; на 28 март, за време на инаугурацијата на партиска канцеларија во изборната единица во Македонска Каменица, пред присутните се обратија претставници на Левица; на 30 март, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ им се обрати на присутните за време на митингот во Скопје за промоција на кандидатите за пратеници; на 31 март, лидерот на СДСМ беше главен говорник на митингот во Скопје за објавување на листата на кандидати за пратеници; на 2 април, СДСМ одржа голем митинг на кој го промовираше својот претседателски кандидат во Скопје.

23 Натпреварувачите мора да го известат Министерството за внатрешни работи за нивната намера да организираат митинг на јавни места најмалку 48 часа пред да се одржи митингот. Постерите за кампањи може да се изложат бесплатно на одредени локации под еднакви услови; општините можат да обезбедат и дополнителен простор за истакнување плакати со надоместок. До 50 проценти од рекламниот простор по општина може да се искористи за цели на кампањата. ДИК го доделува расположливиот простор за купување преку лотарија, врз основа на следните критериуми: 40 отсто за владејачките партии со најмногу гласови на претходните избори, 40 отсто за двете опозициски партии со најмногу гласови на претходните избори, 10 отсто за партиите во парламентот кои немаат пратенички групи и 10 отсто за партиите кои не се застапени во парламентот.

загриженост за потенцијалната негативна кампања и острата реторика што може да влијае на севкупната атмосфера на кампањата.

Изборниот законик содржи одредени прописи со цел да се спречи злоупотреба на административни ресурси пред изборите. Откако ќе се распишат изборите, законот забранува започнување на јавни развојни проекти, вонредни буџетски исплати и процедури за вработување од буџетски средства. Инаугурацијата на јавни проекти е забранета почнувајќи од 20 дена пред почетокот на периодот на кампањата. Употребата на државни канцеларии, опрема и возила во кампањата е изрично забранета. Дополнително, Изборниот законик наложува сите учесници да потпишат Кодекс за фер и демократски избори, со кој се обврзуваат да ги заштитат граѓаните од каква било форма на притисок.[24] Законот не ги ограничува носителите на јавни функции да учествуваат во настани од кампањата. Неколку соговорници на МНИ на ОДИХР изразија загриженост за потенцијалот за злоупотреба на административните ресурси за време на периодот на кампањата.

Кампањата на социјалните мрежи не е конкретно регулирана. Повеќето соговорници на МНИ на ОДИХР од политичките партии ги посочија своите намери да спроведуваат кампањи на интернет за да ги ангажираат гласачите и да ги намалат трошоците поврзани со традиционалните кампањи.[25] Сепак, многу од нив изразија загриженост за погрдните зборови кои веќе се присутни на социјалните мрежи против политичките партии и кандидати, вклучително и жените. Дополнително, неколку соговорници на МНИ на ОДИХР изразија загриженост за потенцијалот за високи нивоа на дезинформации и манипулативни содржини во изборната кампања.[26] МНИ на ОДИХР ги следи активностите на онлајн кампањите на социјалните мрежи.[27]

## IX. ФИНАНСИРАЊЕ НА КАМПАЊА

Финансирањето на кампањите е првенствено регулирано со Изборниот законик, Законот за финансирање на политичките партии и Законот за спречување на корупција и судир на интереси. Измените на Изборниот законик од март 2024 година го намалија опсегот на преодното известување за финансирање на кампањата, го скратија рокот за поднесување на финалниот финансиски извештај и дефинираа одредени ограничувања за донации.[28] Сепак, измените не ги земаа предвид предлозите поднесени од Државниот завод за ревизија (ДЗР) и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) и не ги третираа долгогодишните системски прашања на регулаторната рамка што го регулира политичкото финансирање и финансирањето на кампањите, согласно претходно дадените препораки од ОДИХР.[29]

---

[24] Потпишувањето на Кодексот се одржа на 2 април во ДИК. Претседателскиот кандидат поддржан од ГРОМ одлучи да не го потпише документот, поради непостоење еднакви услови за кампања на учесниците и нееднаква распределба на просторот и финансирањето во медиумите.

[25] Според Профилот на земјата за дигитален развој на Република Северна Македонија на Обединетите нации (ОН) од 2021 година, во 2020 година, 81,4 отсто од населението имало пристап до интернет.

[26] Во јануари 2024 година, Институтот за комуникациски студии, во својата студија Утврдување на политички штетни наративи утврди дека некои политички партии, вклучително и водечките, користат „штетни наративи со манипулативна аудио-визуелна содржина, пристрасен избор, напад на личноста и демонизација, како и ширење паника и страв".

[27] Од 21 март, МНИ на ОДИХР набљудува 19 Фејсбук профили на претседателски и парламентарни кандидати, политички партии и нивните лидери.

[28] Со измените, меѓу другото, беше отстранет условот за известување расходи во преодните извештаи, се скрати рокот за поднесување на финалниот финансиски извештај од 75 на 60 дена од објавувањето на конечните резултати и се појасни дека ограничувањата за донации и за страните и за сметките на кампањата се кумулативни.

[29] Овие препораки вклучуваат регулирање на финансирање на кампањи од трета страна, известување за придонеси и заеми во натура, усогласување на временските рамки и роковите за прием и објавување извештаи за да се овозможи темелен надзор, како и обезбедување соодветни овластувања, ресурси и мандат за санкционирање до надзорните органи. Видете го и Годишниот извештај на ДЗР за 2022 година.

Политичките партии кои добиле најмалку еден процент од гласовите на претходните парламентарни или локални избори се квалификуваат за јавно финансирање, кое исто така може да се искористи за целите на кампањата.[30] Иако нема директно јавно финансирање наменето за претседателските и парламентарните кампањи, државата директно ги надоместува радиодифузните, печатените и онлајн медиумите регистрирани во ДИК за рекламирање во време на кампања.[31] Некои соговорници на МНИ на ОДИХР изразија загриженост дека овој модел, иако ја подобрува транспарентноста во рекламирањето поврзано со кампањите, им овозможува на политичките партии да го насочат државното финансирање на избраните медиуми, што може да поттикне култура на фаворизирање на политичките субјекти од страна на медиумите. Законот не прецизира дали независните кандидати се квалификуваат за надоместок на рекламните трошоци.[32] Платените политички реклами на платформите за социјално вмрежување не се регулирани.[33]

Покрај сопствените средства на натпреварувачите, кампањите може да се финансираат и преку парични и донации во натура, заеми и членарини. Индивидуалните граѓани можат да донираат до 3.000 евра, додека правните лица можат да придонесат до 30.000 евра по кампања и од кампањите се бара да се води регистар на сите донации.[34] Со закон, границата на расходите е утврдена на 110 денари по избори, по регистриран гласач, граница што се применува кумулативно во двата круга на претседателските избори.[35] Секој претседателски и парламентарен учесник мора да добие единствен даночен број и да отвори наменска банкарска сметка за сите средства за кампањата.

Надзорот за финансирање на кампањата го спроведуваат ДЗР и ДКСК.[36] Од учесниците се бара да подготват три преодни извештаи за финансирање на кампањата: два пред изборите и еден после, од кои ниту еден не е предмет на ревизија.[37] Сите извештаи мора да се доставaт до ДЗР, ДКСК и ДИК, кои ги објавуваат јавно на нивните веб-страници. Во рок од 60 дена по објавувањето на изборните резултати, кампањите мора да достават конечен финансиски извештај до ДЗР, кој потоа има 60 дена да изврши ревизија. Ажурираните обрасци за известување, кои треба да ги земат предвид скорешните промени во преодното известување, сè уште не се достапни.

---

30 Во 2023 година, вкупното државно финансирање доделено за парламентарните политички партии изнесуваше приближно 6,5 милиони евра.

31 За претстојните претседателски и парламентарни избори во ДИК се регистрирани 39 ТВ станици, 37 радио станици, 11 печатени медиуми и 251 интернет портал. Износот на средствата наменети за оваа намена за двата избори е околу 9 милиони евра заедно.

32 ДИК ја информираше МНИ на ОДИХР дека, во пракса, независните кандидати може да имаат право на надоместок доколку склучат обврзувачки договор со политичка партија.

33 Врз основа на извештаите од Meta Ad Library, во март само четири политички партии (Алтернатива, ДУИ, Левица и СДСМ) направиле трошоци за рекламирање, во вкупна вредност од околу 22.000 евра. Од овој трошок само на СДСМ отпаѓаат 21.200 евра. Угледни личности, меѓу кои и партиски лидери и други лица поврзани со партиите, потрошиле приближно 10.000 евра, од кои 6.300 евра се од водството на СДСМ, а 224 евра од водството на ВМРО-ДПМНЕ.

34 Забранети се донации од странски или анонимни извори, општински власти, државни компании, верски и добротворни организации и од медиуми.

35 Едно евро изнесува 62 македонски денари.

36 По истекот на претходната комисија, во февруари 2024 година, сите седум членови на ДКСК беа новоименувани.

37 Од претседателските и парламентарните кампањи се бара да поднесат прв извештај на 11-тиот ден од кампањата; втор извештај треба да се поднесе ден пред изборите; а трет извештај мора да се поднесе еден ден по затворањето на наменските банкарски сметки за кампањата. Во случај на втор круг, претседателските кампањи мора да доставаат уште еден преоден извештај, ден пред денот на изборите во вториот круг.

ДКСК ги истражува поплаките поврзани со забранети активности во јавните набавки и вработувања во јавна служба по распишувањето на изборите и прекршување на правилата за финансирање на кампањата. Овие истраги може да се покренат по службена должност или врз основа на претставки поднесени од учесниците или набљудувачите. ДКСК ја информираше МНИ на ОДИХР дека во рок од 5 дена ќе се произнесе по претставките поврзани со финансирањето на кампањата, согласно законот. Од распишувањето на изборите, до ДКСК пристигнале 23 претставки за забранети активности поврзани со јавни набавки и вработување во јавна служба. ДКСК, исто така, може да покрене кривична постапка кај Државниот јавен обвинител, како одговор на повредите или врз основа на наодите пријавени од ДЗР.[38] Поради финансиски ограничувања, ДКСК не планира да распореди теренски лица за следење кои ќе го надгледуваат трошењето во кампања, отстапувајќи од претходната пракса. За да се спречи користењето на јавните ресурси за време на изборниот период, ДКСК води регистар на возила на државните институции. Сепак, ДКСК ја информираше МНИ на ОДИХР дека оваа база на податоци моментално не е комплетна.[39]

Многу соговорници на МНИ на ОДИХР, вклучително и од надзорните институции, изразија недостиг на доверба во ефективното следење на финансирањето на кампањата и санкционирање на злоупотребата на административните ресурси во кампањата, поради системски недостатоци во правната рамка и ограничените ресурси на располагање на надзорните тела. Неколку граѓански организации најавија планови за следење на финансирањето на кампањите и користењето на јавните ресурси за време на периодот на кампањата.

## X. МЕДИУМИ

Медиумскиот пејзаж е разновиден, но фрагментиран по политички и етнички линии. Телевизијата е примарен извор на политички информации, а потоа следат платформите за социјално вмрежување и порталите за вести. Додека на национално ниво, околу 40 телевизии и 58 радио станици, како и 22 печатени медиуми, нудат мноштво ставови на јавноста, многу соговорници на МНИ на ОДИХР забележаа дека врз севкупниот квалитет на новинарската работа негативно влијае политичката поларизација, големиот број медиумски компании кои се натпреваруваат на ограничениот пазар за рекламирање и неповолните услови за работа на новинарите.

Уставот ги гарантира слободите на изразување и медиумите. Изборниот законик бара сите медиуми, вклучително и онлајн-медиумите, да ги покриваат изборите на фер, избалансиран и непристрасен начин и да набројат детални барања и временски рамки за емитување материјали за кампања, како и санкции за неисполнување.[40] Содржината на јавниот радиодифузен сервис Македонска радио и телевизија (МРТ) останува под строги прописи во периодот на

---

38 Изборниот законик предвидува казни до 9.000 евра за прекршување на правилата за финансирање на кампањата. За најсериозните и намерни прекршоци, кривичните казни може да вклучуваат парични глоби и затворска казна до пет години.

39 ДКСК ја информираше МНИ на ОДИХР дека, пред периодот на кампањата, институциите пријавиле информации само за приближно една четвртина од возилата, пришто законот не наметнува санкции за недавање такви податоци.

40 Што се однесува до распределбата на времето за емитување, законот ги опфаќа само политичките партии и не е прилагоден на учесници кои не се номинирани од партијата. Во својата регулатива од март 2024 година, ААВМУ дистрибуираше време меѓу претседателските кандидати врз основа на нивната партиска припадност, за разлика од досегашната пракса, кога времето беше подеднакво распределено меѓу претседателските кандидати. Сегашната распределба, во пракса, обезбедува повеќе време за емитување на кандидатите поддржани од главните владејачки и опозициски партии.

кампањата.[41] Повеќето соговорници на МНИ на ОДИХР потврдуваат дека околината е погодна за слободата на медиумите. Сепак, некои забележуваат дека честите онлајн напади, вклучително и оние насочени кон жените, како и изолираните инциденти на физички напад врз новинари, остануваат проблем.[42]

Од последните претседателски и парламентарни избори, правната рамка поврзана со медиумите претрпе неколку измени. Измените на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета од ноември 2022 година, заедно со измените на Кривичниот законик од февруари 2023 година, воведоа дополнителни заштитни мерки за новинарите. [43] Во март 2024 година, беа направени две измени на Законот за медиуми и Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги за воведување на одредба за јавни субвенции за печатените медиуми за објавување информации од јавен интерес и за укинување на забраната за приватните радиодифузери за јавно финансирани информативни кампањи од јавен интерес. Додека некои соговорници на МНИ на ОДИХР тврдеа дека последната мерка придонесува за одрживоста на медиумскиот сектор, други забележаа дека тоа може да доведе до зголемено политичко влијание врз медиумите. Многу соговорници ја истакнаа нужноста од натамошни реформи во медиумскиот сектор насочени кон подобрување на долгорочната одржливост на медиумите, третирање на недорегулираните аспекти, како што се регистрацијата и надзорот на онлајн медиумите, како и натамошното усогласување на законската рамка која ги уредува медиумите со законодавството на ЕУ.

Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги (ААВМУ) е задолжена за регулација и надзор над радиодифузните медиуми. ААВМУ е одговорна за следење/мониторинг на медиумите, доставување неделни извештаи до ДИК и електронско објавување на своите наоди почнувајќи од распишувањето на изборите. За овие избори, ААВМУ има развиено доброволен кодекс на однесување за политичките партии и кандидатите во онлајн сферата.[44] Иако е формирано координативно тело кое се состои од претставници на ААВМУ и ГО за регистрирање и објавување поврзани известувања, ова тело нема овластувања за спроведување.

Државата ги финансира сите политички реклами во радиодифузни, печатени и онлајн медиуми регистрирани во ДИК *(видете и Финансирање на кампања*). Неколку соговорници на МНИ на ОДИХР забележаа дека одредбите за надомест на трошоците за рекламирање може да бидат злоупотребени од некои онлајн портали за вести кои се специјално создадени за канализирање на државните средства за време на изборните кампањи.

МНИ на ОДИХР на 1 април го започна своето квантитативно и квалитативно следење на известувањето за изборите во ударен термин на седум национални телевизиски станици и четири веб-страници за вести.[45]

---

41 За време на официјалната кампања, МРТ е должна да посвети 30 отсто од своите вести на општите настани, 30 отсто на владејачките партии, 30 отсто на парламентарната опозиција и 10 отсто на вонпарламентарните партии и независните кандидати.

42 На пример, според Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), во 2024 година имало еден случај кога новинар бил физички нападнат за време на интервју во Кичево, што резултирало со повреда.

43 Измените, меѓу другите мерки, ги зголемија казните за напад на новинари или медиумски работници и намалување на казните за клевета за новинари, уредници и медиуми.

44 ААВМУ ја информираше МНИ на ОДИХР дека, пред почетокот на кампањата, три политички партии и 22 медиуми се обврзаа дека ќе се придржуваат до Кодексот на однесување.

45 Следењето на МНИ на ОДИХР ги вклучува јавните радиодифузери *МРТ 1* и *МРТ 2* (на албански јазик), приватните радиодифузери *Сител, Канал 5, Алсат-М* (на албански), *ТВ Алфа и Телма*, како и онлајн порталите *kurir.mk, plusinfo.mk*, заедно со *tetotavsot.com* и *lajmpress.org* (на албански).

## XI. РЕШАВАЊЕ НА ИЗБОРНИ СПОРОВИ

Претставки кои се однесуваат на изборите можат да се поднесат од страна на учесниците; гласачите можат само да поднесуваат претставки за прекршување на нивните индивидуални права и за злоупотреба на административните ресурси. Повеќето претставки, вклучително и оние поврзани со регистрација на гласачите и кандидатите, прекршување на правилата за кампања, нерегуларности на денот на изборите и изборни резултати, може да се поднесат до ДИК, која исто така има право да поведе постапка по службена должност. Законот ги назначува ОИК да одлучуваат за претставките на денот на изборите поврзани со избирачкото право, мандат што практично се толкува како корекција на пропустите во избирачките списоци. ДИК може да поведе прекршочна или кривична постапка за тешки прекршоци поврзани со изборите до основните судови или обвинителства. Управниот суд е крајна апелациона инстанца за одлуките на ДИК и ДКСК. Уставниот суд ја оценува уставноста на правните акти или одлуки поврзани со изборите.

ДИК мора да одлучи по претставките за регистрација на избирачите во рок од 4 часа за време на изборниот процес и во рок од 2 часа на денот на изборите; мора да одлучи по претставките поврзани со изборните кампањи и оспорувањето на изборните резултати во рок од 72 часа. Управниот суд има 24 часа да одлучи по претставките во врска со регистрацијата на гласачите и кандидатите и нерегуларностите на денот на изборите и 48 часа да ги разгледа жалбите за нерегуларности во изборната кампања и изборните резултати. Неколку соговорници на МНИ на ОДИХР, вклучително и од судството, забележаа дека некои рокови за одлучување по претставките се претерано кратки, што може да го поткопа квалитетот на одлуките; дополнително, за некои прекршувања, не се пропишани ефективни санкции.

Досега ДИК отфрли две претставки за регистрација на гласачи во странство како неаргументирани, бидејќи подносителите не ги доставија сите потребни документи. Управниот суд по жалба одлучи гласачите да бидат запишани. Управниот суд ги отфрли како неосновани двете претставки за оглас објавен од ВМРО-ДПМНЕ во кој се бара потенцијален претседателски кандидат на партијата, како и претставка со која се оспорува одлуката на ДИК за наводно непочитување на законските малцински квоти во составите на ОИК. Основниот суд во Тетово постапи по две барања за регистрација на раководството на партијата од двете фракции на Алијансата на Албанците. На 14 март 2024 година, група избирачи ја оспорија уставноста на Изборниот законик и неговите измени со образложение дека тие не обезбедуваат еднаквост на учесниците во изборниот процес.

Многу соговорници на МНИ на ОДИХР изразија ограничена доверба во одлучувањето за нивните претставки поврзани со изборите, наведувајќи ги заостанатите нерешени спорови на претходните избори, потенцијалот за корупција во судството и органите за спроведување на законот, како и можните прекини во меѓуагенциската соработка.[46]

## XII. НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Изборниот законик дозволува граѓанско и меѓународно набљудување на целиот изборен процес. Граѓаните и странските здруженија регистрирани најмалку една година пред денот на изборите, со статути кои вклучуваат заштита на човековите права, заедно со меѓународни организации и претставници на странски држави, можат да аплицираат за акредитација до ДИК до 10 дена пред секој изборен ден. Изборните учесници исто така имаат право да назначат

[46] Проценката на ризикот од корупција на ОБСЕ за судството на Северна Македонија од 2023 година го истакна падот на довербата во судството и органите за спроведување на законот, заедно со зголемувањето на ранливоста за корупција. Видете ја и најавата за прекин на соработката меѓу јавниот обвинител и ДКСК за гонење на случаи на корупција.

свои овластени претставници за следење на изборните процеси на сите нивоа на изборната администрација.

Неколку граѓански групи ја изразија својата намера за набљудување на изборите, а *ЦИВИЛ – Центарот за слобода* и Ромите за демократија се очекува да ги распоредат најголемите групи граѓани- набљудувачи. *Заедно можеме*, граѓанска организација фокусирана на унапредување на правата на лицата со попреченост, планира да постави група набљудувачи за следење на инклузивноста на изборниот процес. Некои други организации се фокусираат на следење на медиумите и социјалните мрежи, можните кампањи за дезинформација, како и односите меѓу заедниците.

## XIII. АКТИВНОСТИ НА МНИ НА ОДИХР

МНИ на ОДИХР официјално беше отворена во Скопје со прес-конференција на 21 март. МНИ на ОДИХР воспостави редовни контакти со ДИК, Министерството за надворешни работи и други високи државни функционери, кандидати и други претставници на политички партии и движења, медиуми, граѓанското општество и членови на дипломатската и меѓународната заедница.

Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ) ја објави својата намера да распореди делегација набљудувачи за денот на изборите на 24 април; Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ), Европскиот парламент (ЕП) и ПССЕ ја објавија својата намера да распоредат делегации набљудувачи за денот на изборите на 8 мај. Алфред Хеер (Швајцарија) ќе биде во улога на шеф на делегацијата на ПССЕ.

*Англиската верзија на овој извештај е единствениот официјален документ.*
*Достапни се неофицијални преводи на македонски и албански јазик.*